ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-390/1

Дата: 28.02.2012

ДО
КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија (во натамошниот текст Кабинетот на Претседателот), сметка на основниот буџет (637) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е мислење со резерва.
Препораките дадени во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година во целост се спроведени, со исклучок на една препорака која не е спроведлива поради измени во Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 8-10 заедно со ревизија на усогласеност на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразивме мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Дарко Ангелов, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија до 26.03.2010 година и
- Борис Јосифовски, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија од 26.03.2010 година;

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани

во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Кабинетот на Претседателот/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.10.2011 до 18.10.2011 и од 24.10.2011 до 09.11.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирана дека дадените препораки се целосно спроведени, со исклучок на една препорака која не е спроведлива поради измени во Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Во Прилог број 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 28.11.2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Платата на функционерите и на раководните работници кои ги именува, односно ги назначува претседателот на Република Македонија или телото што тој ќе го овласти, согласно член 2 став 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, се утврдени со Одлука за определување на коефициентот за утврдување на платите на функционерите што ги именува Претседателот на Република Македонија. Коефициентот за утврдување на платата на секретар на Кабинетот на претседателот на Република Македонија согласно член 16 од наведениот закон изнесува 3,4, додека коефициентите за утврдување на плата на ниво на генерални секретари, согласно член 15 од истиот закон, се утврдени во висина од 3,7.
Имајќи во предвид дека генералниот секретар раководи со Кабинетот на претседателот на Република Македонија, ја организира и усогласува работата, се грижи за единствено функционирање и унапредување на организацијата на Кабинетот, односно врши работи и работни задачи околу раководење со наведениот орган, ревизијата смета дека за надминување на наведената состојба потребно е да се изврши преиспитување на вака утврдениот коефициент за пресметка на платата на секретарот на Кабинетот на претседателот на Република Македонија во Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во

Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

6.2. Кабинетот на Претседателот располага со евиденција по вид и количина на сите добиени подароци во текот на 2010 и 2011 година, без истите да бидат евидентирани во деловните книги.

Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, во делот Давање и примање подароци, член 75, предвидено е дека Владата на Република Македонија со пропис требала да ги уреди критериумите, начинот на давање и примање на подароци, пријавувањето на подароците, начинот на процена на подароците, начинот на доплата за личен подарок, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на подарок, најдоцна до септември 2005 година, согласно член 104 од наведениот закон.

Ревизијата смета дека неопходно е донесување на законски предвидениот пропис од страна на Владата на Република Македонија, заради воспоставување на комплетна евиденција на стварите што станале државна сопственост по пат на подарок, кај државните органи.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Со решенија донесени од страна на генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, дел од вработените се стекнуваат со степен на кариера Б, а со тоа и со право на исплата на додаток на плата за кариера, почнувајќи од 01.04.2010 година. Со допис број 05-704 од 29.04.2010 година доставено е барање до Министерството за финансии за одобрување на финансиски средства, по кој не е добиен одговор. Имајќи го во предвид член 33 став 2 од Законот за државните службеници, согласно кој платите на државните службеници се усогласуваат со средствата обезбедени во Буџетот на Република Македонија, истакнуваме дека во текот на 2010 година на ставката Основни плати обезбедени се средства, но поради не добиена согласност од Министерство за финансии за исплата на додаток на плата степен на кариера Б, во текот на 2010 година извршена е прераспределба на средства односно извршено е намалување на одобрените средства на ниво на ставка Основни плати во износ од 2.137 илјади денари за други намени.

До денот на известување од извршената ревизија, не се врши исплата на додатокот на плата степен на кариера Б, иако државните службеници ги исполниле законски утврдените услови и критериуми.

**Кабинет на Претседател на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 15 | - |
| Трансфери и донации | 3.2. | 73,511 | 59,606 |
| **Вкупно приходи** | | **73,526** | **59,606** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 18,366 | 15,489 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 9,875 | 4,000 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 44,095 | 39,189 |
| Субвенции и трансфери | | 82 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **72,418** | **58,678** |
| **Капитални расходи** | 3.4. | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 1,108 | 928 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,108** | **928** |
| **Вкупно расходи** | | **73,526** | **59,606** |

**Кабинет на Претседател на Република Македонија**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 185 | 73 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 5,753 | 5,761 |
| Залихи/стоки | 4.1.7. | 12,309 | 14,041 |
| **Вкупно тековни средства** | | **18,247** | **19,875** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | | 497 | 486 |
| Материјални средства | | 6,756 | 8,466 |
| **Вкупно постојани средства** | | **7,253** | **8,952** |
| **Вкупна актива** | | **25,500** | **28,827** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4,059 | 4,299 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1,694 | 1,462 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 12,494 | 14,114 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18,247** | **19,875** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 7,253 | 8,952 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **7,253** | **8,952** |
| **Вкупна пасива** | | **25,500** | **28,827** |

**Кабинет на Претседател на Република Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **8,952** | - | **8,952** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,317** | **138** | **2,455** |
| Набавки | 2,061 | 138 | **2,199** |
| Стекнување со Одлука на Влада | 146 | - | |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 110 | - | **110** |
| **Намалување по основ на:** | **(4,016)** | **(138)** | **(4,154)** |
| Амортизација на постојани средства | (1,351) | - | **(1,351)** |
| Расход по попис | (4) | - | |
| Отстапувања по Одлуки на Влада | (2,661) | - | **(2,661)** |
| Потрошок | - | -138 | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **7,253** | - | **7,253** |

**Прилог 1**

## Резултати

## од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 0803-135/6 од 25.09.2009 година за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на сметката на Основен буџет – 637 на Кабинетот на Претседател на Република Македонија

| Бр./врска на наодот/препораката во КИ на ОДР | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Неправилна примена на акти** | | | | |
| 11.1.1. | Во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, не е формирана Комисија за претставки и предлози, како постојано работно тело на Претседателот што е спротивно на одредбите од Уставот на Република Македонија и Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.<br>Наведеното не овозможува остварување на уставното и законско право на правните и физички лица за обраќање до Претседателот, со цел заштита и остварување на своите права и интереси, јавните интереси | Одговорните лица во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија согласно законските прописи да преземат мерки за формирање Комисија за претставки и предлози. | Препораката е неспроведлива. | Донесена е Одлука за измена и дополнување на одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија со која е укината Комисијата за претставки и предлози како постојано работно тело на Претседателот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | утврдени со закон или поведување на друга иницијатива од јавен интерес. | | | |
| **Примена на сметководствени политики и начела** | | | | |
| 11.2.1. | Ревизијата констатира плаќања врз основа на нецелосна документацијата во вкупен износ од 234 илјади денари. Имено, како потврда за оправданоста на извршените плаќања недостасуваат сметки за репрезентација при користење на кредитната картичка и детални спецификации за угостителски фактури при организирање на Самитот на Претседатели од Централно европските држави во Охрид. Оваа неправилност е спротивна на одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е наведено дека внесувањето на податоците во нивните деловните книги треба да се заснова врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи со што се докажува настанатата финансиска промена, односно трансакција.<br>Извршеното плаќање врз основа на некомплетна документација може да доведе до ненаменско и незаконско користење на буџетските средства. | Одговорните лица во Кабинетот да ги почитуваат законските одредби и за секоја извршена трансакција да обезбедат и приложат документација, како потврда за настанатата финансиска промена. | Препораката е спроведена. | При користење на кредитните картички како потврда за оправданоста на извршените плаќања се приложуваат сметки за репрезентација а за користење на угостителските услуги кон фактурите се приложуваат детални спецификации. Исто така донесени се Правилник за користење на кредитни картички бр.05-88 од 26.05.2009 година и Правилник за користење на репрезентација/хотелско угостителски услуги бр.07-156 од 03.06.2009 година. |

| **Неправилности во искажувањето на расходите** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.1. | Согласно Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, во работата на Кабинетот може да се ангажираат научни и стручни установи и истакнати и стручни работници. За таа цел во текот на 2008 година Кабинетот има склучено повеќе договори за дело со 20 лица и за нивното ангажирање исплатени се средства во вкупен износ од 4.054 илјади денари во вид на надомест за услугата и платен персонален данок. Во договорите покрај описот на работите за кои што тие се ангажирани, не е пропишана обврска за изготвување извештаи за извршената работа. Со оглед на фактот дека во сметководствената документација кон извршените плаќања нема приложено извештаи, ниту друга потврда за нивното работење, ревизијата побара извештаи од активностите на консултантите, кои што до завршувањето на ревизијата не беа презентирани. Заради наведеното ревизијата изразува резерва во однос | Во договорите што се склучуваат со надворешните соработници да се прецизираат нивните обврски, начинот на којшто ќе се потврди извршувањето на преземените обврски како основ за плаќање на надоместоците, како и да се утврдат критериуми за висината на надоместокот на лицата ангажирани како консултанти на Претседателот на Република Македонија. | Препораката е спроведена. | Донесени се Правилник за ангажирање на научни и стручни соработници бр.07-821 од 13.05.2010 година и Критериуми за ангажирање на научни и стручни установи и истакнати научни и стручни работници во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија бр.07-821/1 од 13.05.2010.<br>Во договорите што се склучуваат со надворешните соработници прецизирани се нивните обврски и начинот на којшто ќе се потврди извршувањето на истите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на оправданоста на исплатените средства.<br>Ревизијата не доби одговор дали се утврдени критериумите за висината на надоместокот на лицата ангажирани како консултанти на Претседателот.<br>Отсуството на контролни постапки за утврдување на оправданоста на потрошените буџетски средства и критериуми за висината на надоместокот може да предизвика ненаменско користење на средствата. | | | |
| **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | | |
| 11.4.1. | На крајот на 2008 година, пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата и обврските што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Имено, пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувања и обврски, не ги утврдила причините за не благовремена наплата и плаќање на истите, не ја утврдила нивната старосна структура, како и | Одговорните лице во Кабинетот да преземат мерки во иднина пописот на побарувањата и обврските да се извршува согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. | Препораката е спроведена. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | презенените активности за нивна наплата односно плаќање.<br>Неизвршениот или нецелосно извршениот попис може да влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември. | | | |
| 11.4.2. | Генералниот секретар на Претседателот на Република Македонија, во 2005 година има донесено Решение за набавка на пригодни подароци од домашно производство што Претседателот во знак на меѓународна соработка, спомен или солидарност ги дава на странска држава, орган, организација или институција на странска држава, меѓународна организација, домашни и странски физички и правни лица кои се заслужни за меѓународна афирмација, односно развој на Република Македонија.<br>Ревизијата утврди дека Кабинетот нема воспоставено евиденција за набавените подароци, што е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и донесеното Решение за набавка на пригодни | Одговорните лица во Кабинетот да ги преземат следните активности:<br>- да се изготват пишани процедури за начинот на давање и примање подароци, набавка на подароци, начинот на проценка на подароците, чувањето и евиденцијата на подароците;<br>- да извршат попис на предметите наменети за пригоден подарок;<br>- да се воспостави сметководствена евиденција на подароци набавени во 2008 година и претходно, а кои сеуште не се дадени како подарок и<br>- да се воспостави регистар на дадени подароци. | Препораката е спроведена. | Од страна на генералниот секретар донесен е Правилник за давање и примање на подароци бр.07-871 од 13.05.2010 година, извршен е попис, воспоставена е сметководствена евиденција на предметите наменети за пригоден подарок и воспоставен е регистар на дадени подароци. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подароци. Единствена документација со која располага Кабинетот се табеларни прегледи за дадени подароци во 2008 година, кои содржат податоци за лицата кому се дадени подароците, видот на подарокот, настанот и дата на настанот. Од овие прегледи ревизорите не беа во можност да утврдат дали се работи за подарок набавен во претходните години или во текот на 2008 година, која е вредноста на подарокот и со какви предмети наменети за подарок се уште располага Кабинетот. Недостатокот на евиденција влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31.12.2008.<br>Треба да се истакне дека во текот на ревизијата одговорните лица во Кабинетот ги презедоа следните активности:<br>- Сметководствено се евидентирани набавените подароци во 2009 година и<br>- Воспоставена е евиденција на примените подароци добиени од претставници на странска држава, орган, организација или | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | институција на странска држава, меѓународна организација или странски државјанин. | | | |
| **Законско и наменско користење на средства** | | | | |
| 11.5.1. | Со ревизија на јавните набавки спроведени во текот на 2008 година е утврдено следното:<br>- Набавката на услуги за изработка на кутии за пакување на подароци и други материјали (371 илјади денари) и печатење материјали (448 илјади денари) се извршени со постапка со барање за прибирање на понуди без оглас, иако според вредноста на вкупно направените услуги требало да се спроведе постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас. Со извршената споредба на фактурите со понудите од добавувачите, констатирани се отстапувања во однос на дефинираните димензии на кутиите. Исто така, дел од испорачаните кутии и дел од извршените печатарски услуги не се предмет на набавката и извршениот избор. Наведеното | Одговорните лица во Кабинетот при спроведувањето на Законот за јавни набавки да обрнат внимание и тоа:<br>- набавките да се спроведуваат со соодветни постапки согласно законската регулатива;<br>- изготвените спецификации кои се составен дел на тендерската документација да бидат јасни и прецизни,<br>- навремено обезбедување на банкарски гаранции од добавувачот, согласно склучените договори и законската регулатива. | Препораката е спроведена. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | предизвикува до незаконско користење на буџетските средства.<br>- Согласно склучениот договор за вршење на материјално техничка поддршка и реализација на настани и манифестации за потребите на Кабинетот, давателот на услугата не ја исполнил својата обврска односно не доставил банкарска гаранција. Материјално техничката поддршка е извршена со што е избегнат ризикот да не се преземат правни дејства за надомест на средства во случај кога одредбите од договорот за навремено и квалитетно извршување на услугите не се почитуваат. | | | |